З А П И С Н И К

Од 11-тата седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево одржана на ден 27.05.2026 година со почеток од 10:00 во просториите на Општина Чешиново-Облешево-сала на Совет.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Чешиново-Облешево г-дин Горанчо Димишков.

Од вкупно 11 Советници на седницата присуствуваа сите 11 советници и тоа: Горанчо Димишков, Александар Саздов, Виктор Нестов, Даниел Гочев, Грозде Митров, Христина Горгиева, Дивна Зафирова, Бранко Стоименов, Влатко Заов, Борчо Гигов и Дарко Стојанов.

На Седницата присуствуваа раководител во финансии Горанчо Зашов-раководител на АД Водостопанство подружница Брегалница, Игор Јанев раководител во ЈПКД Облешево , Ивана Миленкова Советник за информатичко комуникациска технологија и систем администратор и Записникот го води Емилија Анастасова-Советник ревизор на обука.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков: Почитувани присутни, почитувана јавност, добар ден. Ја отварам 11 тата редовна седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Записникот од 10-тата редовна седница го имате пред вас, дали некој бара збор.

Бранко Стоименов: Благодарам претседателе. На минатата седница лично на мое барање беше во точка предлози, прашања и барање, да му пренесете на градоначалникот бидејќи не беше присутен дали има намера да почне со исплатата на советничките паушали.

Горанчо Димишков: Градоначалникот е овде и ќе одговори на прашањето.

Благодарам, дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор записникот го ставам на гласање.

Се премина на гласање и со со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАН советник** е усвоен ***Записникот од десетата седница.***

Записникот од комисијата за финансии и буџет, отварам расправа, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, Ве молам да гласаме.

Се премина на гласање и со со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАН советник** е усвоен ***Записникот од комисијата за финансии и буџет.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков за работа на 11-тата Седница на Совет на Општина Чешиново-Облешево го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за состојбата со наводнување во Општина Чешиново-Облешево за пролетната сеидба
2. Барање за усогласување на составот на Надзорен одбор на ЈПКД Облешево со Законот за јавните претпријатија
3. Барање од Ило Ваневски до Советот на Општина Чешиново-Облешево
4. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за исправка на техничка грешка
5. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за канцелариско и архивско работење на Општина Чешиново-Облешево
6. Барање за разгледување на предмет за отстранување на тополи од јавни површини во с. Соколарци, ул. Маршал Тито
7. БАРАЊЕ за именување на нов претставник за член на Управен одбор-ООУ Климент Охридски
8. БАРАЊЕ за еднократна парична помош за лекување на Весна Стојова
9. Поништување на одлука со арх. Бр. 09-873/1 од 05.05.2026
10. Одлука за разрешување и именување на член на Управен Одбор на ЈУ-Детска градинка Ѕвездички во Чешиново-Облешево
11. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за отстапување за користење на ситен инвентар (телескоп) на ООУ Страшо Пинџур и Климент Охридски
12. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе
13. ОДЛУКА за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Зедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе
14. Предлози, прашања и барања

    Претседател на совет Горанчо Димишков: Отварам претрес по дневниот ред, дали некој бара збор?

    Бранко Стоименов: Неколку точки за месец мај од програмата на советот се испуштени. Мене конкретно и посебно ме интерсира точката околу одржување околу уличното осветлување, мислам дека требаше да има информација, затоа што многу луѓе ме прашуваат. Знам дека веќе комуналното не работе со уличното. Значи кој е задолжен за уличното осветлување. Ја нема како точка а треба да ја има и имам исто предлог за допуна на дневниот ред, информација усно до градоначалникот за досегашните превземени активности за санација на мостот Брегалница кај с. Теранци. Сите знаеме во каква ситуација е, мостот е паднат, знаците се однесени, немаме информација дали е безбедно што минеме со лесни возила. Некна на Водостопанство машината минеше а е над 5 тони. До каде е работата, дали има иницијатива и ако има до каде е и ако нема зошто нема.

Сите советници едногласно го усвоија дневниот ред.

1. ***Информација за состојбата со наводнување во Општина Чешиново-Облешево за пролетната сеидба***

Горанчо Зашов-раководител на А.Д.Водостопанство Брегалница: Добар ден, пријатна работа Ви посакувам. Прв пат сум на седница на совет на Општина Чешиново-Облешево одкако сум раководител на подружница Брегалница. Сезоната кај нас официјално почна 20.04. На територија на Чешиново-Облешево околу 28.04. прво беше Давчина Топола, 06,07 мај беа пуштени сите зафвати од магистралниот канал и од река Брегалница. Ни остануват уште 100 дена за да ја завршиме наводнителната сезона. До сега имаме потрошено 17.000.000 метри кубни вода од брана Калиманци а ни преостанува уште 105.000.000 метри кубни вода. На територијата на Општина Чешиново-Облешево има околу 2.5 илјада хектара ориз. Сметаме дека успешно ќе ја завршеме сезоната. Од 15-ти септември цело време работеме со 2 до 3 градежни машини. На територијата на Чешиново-Облешево оваа сезона имаме завршено доста многу работи, Бугарскиот канал го очистивме, Кочанска река, на Брегалница се работи на две делници, Кучичино кај Керамидница, Теранси мост, оводниот канал го очистивме, вади и канали се очистени во општина Чешиново-Облешево. Мислам дека успешно ќе ја завршиме сезоната.

Претседател на совет Горанчо Димишков: Кој бара збор?

Грозде Митров: Благодарам претседателе, почитуван градоначалник, почитувани советници, почитувани гости. Сакам да го прашам раководителот на Водостопанство имаме точка за отстранување на тополо во с. Соколарци. Дали советот е надлежен да донесе одлука да се отстранат или треба да се препрати до Министерството на Македонски шуми?

Горанчо Зашов-раководител на А.Д.Водостопанство Брегалница: Не знам како е наша надлежност се речните.

Бранко Стоименов: Да ја искористам приликата, имам едно кратко прашање. До каде е со левиот канал, гледам имаше некои активности, до кај сте?

Горанчо Зашов-раководител на А.Д.Водостопанство Брегалница: Левиот магистрален канал од 1994 година е фукнционирал, оваа година а после тоа е инцидентно функционален. Оваа година работниот план на А.Д. Водостопанство има за задача да го среди Левиот магистрален канал. Делницата Теранци-Мучино ќе го чисти општествена фирма а другата делница Бурилчево-Аргулица е веќе средена. Мислам дека до 15 јули комплетно ќе биде очистен.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Благодарам претседателе, да ја искористам и јас можноста да го поздравам раководителот на подружница на Кочани, А.Д.Водостопанство

Брегалница. Јавно сакам да му се заблагодарам за целосната соработка што ја имаме и апелирам да продолжиме со соработката и понатаму бидејќи ова е од ретките години кога можеме да се пофалиме дека и кога беа поплавите и кога требаше да се испорача на време водата, тоа го правевте во најдобар можен начин и се грижете за потреба на водокорисниците. Да продолжи оваа соработка и понатаму со Општина Чешиново-Облешево. Фактот што тие сега се со надоградена механизација ми дава за праве да се надевам дека делот од услугите кои што може да ги испорачат на нас како Општина ни се потребни.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков праша дали има прашања.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАН советници** е усвоена ***Информација за состојбата со наводнување во Општина Чешиново-Облешево за пролетната сеидба***

2. ***Барање за усогласување на состабот на Надзорен одбор на ЈПКД Облешево со Законот за јавните претпријатија***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Игор Јанев.
Игор Јанев: Причините за ова барање се доставени во писменото барање кое го доставивме во работните материјали на советот, и се работи за едно услогласување. Имено ние имаме една ситуација со одборите на претпријатието тоа е конкретно управен кој брои 5 члена и надзорен одбор кој исто така брои 5 члена, што е една пракса што била одсекогаш. Меѓутоа Законот за јавни претпријатија е различен и има тука одредба што бројот на челови треба да биде 3. Така да, како што е наведено во самото барање, значи ќе треба да се редуцира бројот на членови. Ние имаме таква ситуација да од овие 5мина назначени еден од членовите никогаш не е ни присуствувала а тоа е Александра Гицова. Јас ги информирав ако сака некој да се повлече и тука се јави Александра Јосифова. Така да овие членови а се иземат.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков праша дали има прашања.

Влатко Заов: Сакам да го прашам директорот. Знаеме во каква состојба се ураснати патиштата со трева, особено патот Облешево-Чифлик. Рековте дека машината е расипана, со тример е неизводливо а сакаме да е безбедно во сообраќајот.
Игор Јанев: Кога се слушнавме последен пат, очекувањата беа дека косачката ќе биде поправена меѓутоа дефектот е многу поголем, целата е размонтирана. Планот е штом ќе биде поправена да се продолжи со косењето.

Влатко Заов: Нели можеме да позајмиме?
Игор Јанев: Ние не можеме да бидеме одговорни за безбедноста на патиштата. А точно е посебно последната неела станува алармантна ситуацијата.
Бранко Стоименов: Дали е точно дека Александра Гицова е канета а не доаѓа и дали воопшто е поканета?
Игор Јанев: Првично е поканета, јас не ја познавам, ние немаме ингеренции и не знам од кои причини никогаш се нема појавено.
Бранко Стоименов: Ако бришеме некој ако е канета а не доаѓала е во ред.
Игор Јанев: Првично беа поканете сите членови, таа не дојде и цело време функционираме 4 лица.
Бранко Стоименов: Јас ќе гласам воздржан, нема цврсти аргументи дека се поканети а не доаѓале.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Барање за усогласување на составот на Надзорен одбор на ЈПКД Облешево со Законот за јавните претпријатија***

3. Барање од Ило Ваневски до Советот на Општина Чешиново-Облешево

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Градоначалник Јорданче Костадинов.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Барањето се однесува од Ило Ваневски од с.Облешево. Се работи за семејство кое е од социјално загрозен ризик. Семејство кое што користи општински простории во старата општинска зграда во Облешево. Поради тоа што тамо планираме некои градежни активности и уредување на тој простор кај што моментално тие се згрижени и сместени. Во меѓувреме е започната изградба на некоја куќа која што треба да биде нивна сопственост и треба да се преселат но е констатирано дека таму е тешко да се приклучи електрична енергија и по иницијатива на мене, како градоначалник и на неколку активисти на с. Облешево се пристапи кон тоа да се најде начин како најлесно да им се приклучи струја и да тие луѓе можам да се иселат од општинските простории и да се преселат во нивниот дом на друга локација. Поради тоа што се работи за семејство од социјална категорија и не се во можност да го платат приклучокот барам од советот да даде согласност тој приклучок да биде платен од сметката, од буџетот на Општината. Се надевам дека ќе најдаме разбирање и кај вас и за оваа работа.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Барање од Ило Ваневски до Советот на Општина Чешиново-Облешево.***

4. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за исправка на техничка грешка

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова

Емилија Анастасова: Исправка на техничка грешка. Значи ова е техничка грешка од администрација. Во програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за 2024, 2025 и 2026 година, грешката е наместо блок 6 треба да стои блок 16. Не можеме да исправиме одлука, мораме да донесеме нова одлука.

Излезе на пауза Грозде Митров

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за исправка на техничка грешка***

5. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за канцелариско и архивско работење на Општина Чешиново-Облешево

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.
Емилија Анастасова: Ова е програма што се донесува и е законски секоја година. Програма за канцелариско и архивско работење на Општина Чешиново-Облешево. Во програмата е наведена постапката и начинот секој еден документ како се архивира. Со оваа програма се уредуваат организацијата, начинот на воспоставување, водење, управување, заштита, чување, евидентирање, класифицирање, архивирање и користење на архивскиот и документарниот материјал на Општина Чешиново-Облешево.

Излезе на пауза Грозде Митров

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за канцелариско и архивско работење на Општина Чешиново-Облешево.***

6. ***Барање за разгледување на предмет за отстранување на тополи од јавни површини во с. Соколарци, ул. Маршал Тито***

Претседател Горанчо Димишков даде збор на Градоначалник Јорданче Костадинов.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Со оглед на тоа дека станува збор за барање кое што се повторува од некои од минатите седници или слично на барање што сме ги имале за отстранување на дрвја од јавни површини кои што представуваат опасност за околината и со оглед на тоа дека веќе сме во фаза на постапување на предходните барања и веќе на две локации се отстранети.И затоа барам ова барање да се разгледа дополнително од службите и да се пристапи кон негова реализација во иднина доколку се процени дека навистина таквите дрвја ја загрозуваат безбедноста на граѓаните во блиската околина. Инаку да ја искористам приликата по предходните барања безбедно се отстранети дрвја од населени места Чешиново и во пазарот во Облешево. Така да по пракса на предходните барања ќе се пристапи и по ова барање, до колку службите проценат дека таквите дрвја ја загрозуваат граѓаните од тие населени места, благодарам.
Претседател Горанчо Димишков: Точката ќе ја повлечам затоа што барањето ќе биде разгледано.

7. ***БАРАЊЕ за именување на нов претставник за член на Управен одбор-ООУ Климент Охридски***
Претседател Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.
Емилија Анастасова: Имаме барање за именување на нов представник за член на Управен одбор ООУ Климент Охридски, бара од совет на Општина чешиново-Облешево да назначи нов член за представник поради престанок на мандат на сегашниот представник од основачот или советот на Мара Стојанова.
Бранко Стоименов: Има една дилема кај мене, и завршува мандатот нели и сега се тражи нова личност. Мој предлог е и бидејќи има искуство да остане уште еден мандат.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници е освоено *БАРАЊЕ за именување на нов претставник за член на Управен одбор-ООУ Климент Охридски***

8. ***БАРАЊЕ за еднократна парична помош за лекување на Весна Стојова***

Претседател Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.

Емилија Анастасова: Весна Стојова е наш вработен, моментално е на боловање, прима хемотерапии и не е во добра состојба. Има поднесено барање за еднократна парична

помош за лекување. Предходна година во 2025 имавме едно барање и е одобрено и исплатено во ноември месец. Законски една во годината може да се исплаќа. Кај нас буџетот реално и не е во пофална состојба, мој предлог и сите колеги се согласија да собереме и да и ги дадеме парите.

Претседател Горанчо Димишков: Точката ќе ја повлечам и вработените ќе соберат пари.

9. Поништување на одлука со арх. Бр. 09-873/1 од 05.05.2026

Претседател Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.

Емилија Анастасова: Оваа одлука ја донесевме на предходниот совет , Министерството за социјална политика и демократија и млади ја предложи Мелита Ацева, ние донесевме одлука, но моја техничка грешка е што не ми е напишано во член 1 разрешување на Данче Станкова и назначување на Мелита Ацева.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници е освоено *Поништување на одлука со арх. Бр. 09-873/1 од 05.05.2026***

10. Одлука за разрешување и именување на член на Управен Одбор на ЈУ-Детска градинка Ѕвездички во Чешиново-Облешево

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАНИ советници е освоена *Одлука за разрешување и именување на член на Управен Одбор на ЈУ-Детска градинка Ѕвездички во Чешиново-Облешево***

11. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за отстапување за користење на ситен инвентар (телескоп) на ООУ Страшо Пинџур и Климент Охридски

Претседател Горанчо Димишков даде збор на Градоначалник Јорданче Костадинов.
Градоначалник Јорданче Костадинов: Станува збор за опрема односно телекопи што се добиени со Проектот за учество на фестивал за штркови од Европска фондација, кои што телекопи моментално се во просториите на Општината и зафаќаат место непотребно и по моја иницијатива и со договор со директорите на двете основни училишта. Тие телескопи ќе бидат дадени на користење на двете училишта и ќе бидат функционални и ќе бидат ставени во функција за сите граѓани. Затоа предлагам да донесете одлука за отстапување и давање на користење на овие два телескопа, по една на двате основни училишта и со препорака да ги чуваат за да можат да се користат.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАНИ советници е освоена *ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за отстапување***

за користење на ситен инвентар (телескоп) на ООУ Страшо Пинџур и Климент Охридски

12. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе

Претседател Горанчо Димишков даде збор на Градоначалник Јорданче Костадинов.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Сакам да Ве известам за две одлуки кои се поврзани една со друга но по редослед ќе одеме, една по една а јас објаснувањата ќе ги дадам за двете точки. Станува збор за формирањето на комунално претпријатие кое што треба да управува со регионалната депонија што ќе ги опфаќа двата региони источен и североисточен и веќе неколку состаноци се одржуваат на таа тема, заеднички состаноци на двата региона. На состаноците се договара начинот и динамиката како ќе треба да почне да функционира оваа регионална депонија која ќе биде сместена во Св. Николе. Во делот на материјалите што ги имате доставено, ги имате сите податоци за тоа што треба да го изгласате а јас сега на кратко ќе Ви објаснам за што станува збор. Во двата региони учествуваат сите општини од тие региони и потребно е секој од советите на општините каде што се опфатени овие региони да ги донесат овие две предлог одлуки, се со цел да може да се отпочне со функционирање на ова јавно претпријатие кое што ќе управува со оваа регионална депонија. Моментално јавното претпријатие е формирано но не е ставено во целосна функција односно треба да се изберат и управни и надзорни одбори, има само изберено директор на јавното претпријатие. Затоа е потребно сега да се донесат овие одлуки и да се пристапи кон избор и на управен и на надзорен одбор и понатаму да се обезбеди буџет за функционирање на ова јавно претпријатие. На предходната седница на советот на региони го ставивме ова на дневен ред и беше предложено од страна на директорот на тоа комунално претпријатие Еко исток-североисток Св. Николе да секоја од општините да обезбеди финансиски средства по глава на жител. Тоа беше прифатено но не беше од мене, реагирав дека средствата кои ги побаруваат се доста повисоки односно беше побарано 60 денари по глава од жител, за да може да почне да функционира тоа јавно претпријатие. Јас констатирав дека нашата општина не е во состојба да плати толку високи финансиски средства а после тоа испадна дека и другите општини не се согласуваат и предложив да биде 10 денари по глава на жител. Таа одлука беше прифатена едногласно од сите градоначалници на општините и се донесе одлука дека советите треба да гласат за одлука во која што ќе стои дека секоја општина е должна од буџетот да одвои по 10 денари до крајот на јуни месец и да се обезбедат средства за тоа јавно претпријатие. Овие одлуки што ќе ги носите се однесуваат на формирањето на структури на тоа претпријатие. Во септември месец треба да биде завршена јавната постапка и да се избере изведувач и да се почне со градба и некаде од наредната година би се ставила во функција.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **7 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, 4 ВОЗДРЖАНИ советници е освоена *ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА за изменување и***

дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе.

13. ОДЛУКА за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Зедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **7 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, 4 ВОЗДРЖАНИ советници е освоена *ОДЛУКА за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Зедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе***

14. Предлози, прашања и барања

Претседател на совет Горанчо Димишков: Повелете кои има прашања.

Бранко Стоименов: Патиштата се катастрофална состојба, гледам со тримери се работи, веќе на ова дадевте одговор и имам реакција со тополите во пазарот, тражат да се сечат и да се исчисти просторот и уште едно прашање. Се работи за лице Бранко Миаксимов за канализацијата, што е проблемот тамо?

Игор Јанев: За Бранко Максимов, да тој има доаѓано кај нас и неговиот случај е индивидуален проблем и тој сам треба да си го реши затоа што не е на нашата линија.

А во делот на пазарот, тие тополи кога се бутнаа, тоа беше премногу материјали, многу тракторски приколоци со гранки пренесени, мегуѓтоа остана уште нешто. И за патиштата, разбирливи се реакциите, но мора да разберете дека работниците од комуналното секој ден се ангажирани.

Бранко Стоименов: Околу сметот со ѓубрето понеделникот беше празник и требаше вчера но ги немаше, веќе две недели ѓубрето не е собрано, зборам за Теранци.

Игор Јанев: Минатиот понеделник не беше довршено с. Теранци, делот кој беше недовршен, беше оставен за во вторник. Овие две недели имаме празници и сите луѓе ни се нагажирани со гробиштата. Одсекогаш е така кога имаме празник се прерипува и ѓубрето што се насобере се подига наредната недела.

Дарко Стојанов: За во Соколарци, за во паркот дека има бекатон е враснато со трава и може со тример да со окоси.

Игор Јанев: Ипак треба да водиме сметка што е влезено во Програма за одржување, да имаме и дупло поголем број не можеме да реагираме.

Дарко Стојанов: Не е убава слика, врасната е тревата 2 метра.

Игор Јанев: Во ред но припритет имаат програмите.

Дарко Стојанов: Не е во ред во некое село двапати да се коси а во некои ниеднаш.

Игор Јанев: Ние сме рурална општина која нема градски центар и не можеме да очекуваме еднаква услуга во сите населени места.

Грозде Митров: Директоре ова не се прави селективно, не можете да кажете вие сте од втор ред и не можете да ги имате сите услуги.

Игор Јанев: Мислам дека погрешно ме разбравте, активностите на претпријатието не можат да бидат дистрибуирани рамномерно, но тоа не значи селективност.

Градончалник Јорданче Костадинов: Во контекст на дискусијата што се развива за работењето на јавното претпријатие, се согласувам со голем дел од констатациите на светниците, реакциите кои што стасуваат до нас и верујавте дека правиме напори да се соочиме со секојдневните проблеми а е невозможно да се решат со овој број на вработени. Ние со директорот сме во секојдневна комуникација и правиме планови како најдобро да ги решаваме најприоритетните проблеми што се моментално појавени на цела тетиторија на општината. Се согласувам и со директорот дека мора да има приоритети кои што че се сработат а и дел од проблемите можат да почета соодветно време за да бидат решени. Еве пример тополите во пазарот ако дадевме приоритет да ги собереме ќе останеа тековните обврски.Сакам да се надоврзам за јавните набавки, не мора да има јавна набавка да се обезбеди косачка или мулчер или нешто што ќе биде од значење. Значи се што се прави за доброто на општината не значи дека сакаме да го оштетеме буџетот на општината.

Влатко Заов: Почитуван градоначалник, жителите од с. Чифлик сакат ваш одговор кога ќе почне конечно патот во с. Чифлик?

Градончалник Јорданче Костадинов: Благодарам советниче, прашањето е добро но одговорот не може да биде точно прецизен затоа што динамиката да договор е веќе оддамна прекршена и изградбата требаше да биде завршена до денеска или овие денови, меѓутоа од оправдани причини дел од тие работи доцнат. Неблагодарно е да ви кажам сега дека работата ќе започне од утре но во моментот истиот изведувач работи улица и во населено место Спанчево а таму во рок од 10 дена би требало да биде завршено и ќе се почне во Чифлик. Јавно се извинувам во населено место Чифлик, затоа што изведувачот направи промашување во динамиката во завршување на работата.

Бранко Стоименов: Се повторува шверцувањето со тешки возила, се додека не дојде комисија од градежен факултет би било добро повторно да се ограничи тонажата, барем 2 на влез и излез.

Градончалник Јорданче Костадинов: Неслучајно ви ги доставив овие материјали, со оглед на тоа дека прашањето беше наменско и се однесува на мостот кај с. Теранци. Самите овие документи и архивските броеви ви кажуваат дека активноста е веќе подолг период наназад е тамо постоечка односно уште со самото мое назначување за градоначалник, јас преземав иницијатива односно стапив во контакти да се констатира проблемот и да се бара решение на тој проблем. Од она што може да ви го кажам е тоа дека општината побара од соодветна институција односно градежен факултет Скопје да излезе на терен со свои проценители односно стручни луѓе и да конечно ние имаме стручно мислење за оштетувањата на самиот мост, односно на тие мислења да се отпочне процедура за самација.Од градежниот факултет беа на лице место на увид, има и извештај. Ќе го прочитам: врз основа на добиените сознанија од извршениот преглед на мостот преку река Брегалница кој ги поврува населените Облешево и Теранци на магистралниот пат А3 Кочани-Штип со магистралниот пат П2334 Општина Чешиново-Облешево има оштетување кое има негативно влијание во неговата доверливост. Особено е критично оштетувањето во вид на слегнување во дел на средните столбови. Ваквото оштетување е вообичаено на мостови со ваков вид

на средни столбовни фундирани во нерегулирани речни корита. Имајќи го сето ова во предвид се препорачува воведување на забрана за одвивање на состојба на сообраќај на тешки моторни возила по мостот, редовно, визуелно следење на ситуацијата и итно превземање мерки за негова санација. Забраната за одвивање на тешки сообраќајни возила не може да ја донесе општината, ние немаме такви ингеренции.Значи забраната ја донесува МВР. Врз основа на овој добиен записник и овие препораки ние ги исвестивме во МВР и бараме од нив тие да интервенираат и да постават сообраќајна сигнализација. Во иднина секој еден што ќе се дрзне да го користе мостот после ваков извештај ќе подлеже на казни и санкции. Казните и санкциите не може да ги изрече општината, има соодветна институција која што може да изрече таква казна ама под основа на пишан документ. Во вториот дел каде што пишува дека треба да се прави редовно визуелно следење на неговата состојба а тоа е веќе во делот на ингеренциите на општината. Затоа работиме на сите проблеми што ги има општината.

Христина Горгиева: Сакам да прашам кога ќе биде Општината да ги исплате покрај изборите што беа ангажирани луѓето?

Градончалник Јорданче Костадинов: Иако ова прашање не треба да биде упатено до градоначалникот затоа што за делот каде што треба да ги спроведе изборите иако станува збор за локални избори се надлежност на државната изборна комисија и поточно на општинската изборна комисија. Значи овие прашања треба тамо да бидат упатувани. Но и кај мене се јавуваат луѓе и прашуваат до каде е постапката и зошто не се исплаќаат овие парични средства. Одговорот на ова прашање треба да ви го даде општинската изборна комисија но еве јас ќе си земам за одговорност пред јавноста. Шпекулациите дека дел од паричните средства предвидени за локалните избори се пренаменети за друга сметка го демантирам јавно и одговорно тврдам дека такво нешто нема во општината. Финансиски средства воопшто нема предвидено но затоа ние преку ребаланс или преку некоја друга форма ќе се потрудиме да обезбедиме средства, затоа што тоа е должност според закон на општините да ги обезбедат тие финансиски средства. Ние во моментот со ваква финансиска состојба како што е буџетот на општината не можеме да си дозволиме односно немаме финансиски средства за да ги исплатеме тие дневници на луѓето што биле ангажирани на локалните избори. Во меѓувреме ние имаме поднесено барање до Министрството за финансии да ја превземе таа обврска односно општинската изборна комисија преку органите на општината. Имат поднесено барање до Министерство за финансии да ја превземат обврската за исплата на членовите. Одговор по тоа барање сеуште немаме добиено но се надеваме и сакаме одговор да биде позитивен. Доколку одговори Министерството за финансии позитивно ќе бидат исплатени од нив а доколку не одговори позитивно и повторно ни ја даде обврската на општината, ќе бараме алтернатива да ги исплатеме.

Бранко Стоименов: За бараката во пазарот, ме информираа луѓе дека ја имате издадено, дали е точно?

Градончалник Јорданче Костадинов: Децидно одговорот е не, ниту е издадена, се размислувало можеби на користење на таа барака за опслужување на граѓаните кои што даоѓаат во паркот, меѓутоа во овој момент таа барака ниту е предмет на лицитирање ни предмет на издавање и тоа е само една чиста шпекулација. Инаку за

жал иако е нов објект на неколку наврати беше оштетуван од страна на несовесни граѓани на општината и затоа јавно апелирам да ги штитиме сите добра во општината. Инаку се размислува таа барака да биде ставена во функција најповеќе некој да се грижи за неа.

Бранко Стоименов: Градоначалник, уште едно прашање, за паушалите на советниците.

Градончалник Јорданче Костадинов: Паушалите се законска обврска, нестанува збор овде дали некој сака или не сака да ги исплате паушалите на советниците. Но за жал предходно што го зборев, состојбата на буџетот се пресликува и на оваа дискусија односно заостанувањето на паушалите не само на актуелниот совет туку и на предходните совети е прашање за кое треба да разговараме и реално да се погледнеме сите во очи и да кажеме дека состојбата на буџетот не дозволува редовно да ги исплаќаме паушалите на советниците. Но тоа не го барам како оправдување туку напротив правиме напори да средствата со кои располагаме, рационално ги трошиме и користиме и за паушалите да изнајдеме можност како тековно да ги исплаќаме.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков:Ја затворам 10-тата редовна седница.

Советот заврши во 11:40 часот.

Записничар *Претседател на Совет*

Емилија Анастасова *Горанчо Димишков*

_____ М.П. _____